Врз основа на член 384 став 2 точка 2, а во врска со член 483 од Законот за трговските друштва, член 70 од Законот за супервизија на осигуруање, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Статутот бр.02-3562/8-1 од 23.04.2019 година на **Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп** (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со **точка 5 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик** за свикување на Годишно собрание за деловната 2020 година бр.02-2585/2-1 од 05.04.2021 година, акционерите на друштвото на **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2020 година** одржано на **10.05.2021 година** ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за распоредување на добивката остварена со Годишната сметка на Друштвото за деловната 2020 година**

1. Друштвото има остварена нето добивка во деловната 2020 година во износ од **54.570.231,00** денари. Добивката во износ од **54.570.231,00** денари ќе се распореди на следниот начин:

   - резерви на сигурност **18.190.077,00** денари,
   - нераспоредена добивка **36.380.154,00** денари,

2. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

3. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

______________________________

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk